# Начин на приспособување на интернет пребарувачите за потпишување со сертификат

- На следниот линк можете да ги најдете информациите за инсталирање и приспособување на сертификатите од КИБС на вашиот компјутер.

https://www.kibstrust.mk/support/PomosMK.aspx

- На следниот линк можете да ги најдете информациите за инсталирање и приспособување на сертификатите од Телеком на вашиот компјутер.

https://ca.telekom.mk/upatstva.htm

## 1. Потпишување под Internet Explorer

За пријавување на страницата на електронското банкарство ***Е-УНИБанка*** преку интернет пребарувачот Internet Explorer, Ви предлагаме дополнително да ја инсталирате апликацијата **CAPICOM**, во случај да ја немате веќе инсталирано на вашиот компјутер. Таа е неопходна апликација за да може пребарувачот Internet Explorer да ги потпишува дигитално со електронски потпис плаќањата и другите активни банкарски операции.

Приспособувањата на пребарувачот ги вклучуваат следните два чекора:

- Додавање на страната https://e-unibanka.mk во доверливи страни (trusted sites)
- Овозможување (enable) на Active X контролата – Initialize and script Active X controls not marked as safe

Имајте во предвид, дека само 32-битната верзија на пребарувачот Internet Explorer може да потпишува дигитално со електронски потпис. Во случај оперативниот систем на вашиот компјутер да има 64-bit верзија, неопходно е да стартувате 32-bit верзија на пребарувачот.
Пребарувачот се стартува од следната локација: **Computer** – **Disc C** – **Program files (x86)** – **Internet Explorer** – **iexplore**. За подобра пристапност можете да си направите **Shortcut**.

**Приспособувањата на пребарувачот:**

По стартување на Internet Explorer пребарувачот изберете **Tools – Internet options**




Се отвора прозорецот на кој треба да се избере: **Security- Trusted Sites – Sites.**




Потоа неопходно е да се додаде соодветната веб страна https://e-unibanka.mk со притискање на копчето **Add**




Притиснете **Close.**

На претходниот екран изберете ниво **Custom Level**




Во листата што ќе се отвори најдете го делот **Initialize and script Active X controls not marked as safe –** изберете**: Enable**




Затворете ги отворените прозорзци со **ОК ,** откако ќе се согласите со направените промени. **(OK, Yes, OK). Рестартирајте го пребарувачот.**

**2. Потпишување под Mozilla Firefox**

За да користите пребарувач Mozilla Firefox за дигитално потпишување на документи, освен бараниот софтвер за работа со електронски потпис од издавачите на потписот и направените приспособувања од погоре, ќе ви биде неопходно и да набавите и додаток (add-on) за дигитално потпишување. Во постарите верзии на пребарувачот, таа функционалност беше вградена, а во верзиите над 33.0, можноста за дигитално потпишување се остава да биде направено преку инсталација на додатоците (add-ons).

**signTextJS** или **signTextJSplus**

**Пребарувачот може да потпишува само со еден од двата додатоци! Во случај да ги имате инсталирани и двата, неопходно е да деактивирате еден од нив.**

Инсталирање на додатокот: од менито горе десно на пребарувачот Mozilla Firefox избирате **Menu – Add- ons**




По избирање на Add-ons избирате на левото мени  Get Add-ons



Потоа одите најдолу со scroll на листата, и доколку не се појавуваат **signTextJS** или **signTextJSplus**

кликнувате на 


На следната страна што ќе ви се отвори во делот за пребарување барате **signTextJS**




Инсталирајте една од двата додатоци **signTextJS** или **signTextJSplus**